Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18 и 248/18), член 10 став 1 и член 15 став 1 алинеја 19 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, а во врска со член 80 ставови 7, 8 и 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на својата 5 седница, одржана на 04.02.2019 2019 година и во согласност со Заклучокот бр. 02-524/4 од 04.02.2019 година, ги донесе следните:

# НАСОКИ ЗА ДОБРОВОЛНО ПРИЈАВУВАЊЕ НА РАДИЈАТА ЗА ЕМИТУВАЊЕ ДОМАШНА МУЗИКА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со овие насоки се утврдува начинот на имплементација на член 80 ставови 7, 8 и 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ), кои овозможуваат трговските радиодифузни друштва кои емитуваат програма на радио, да добијат намалување на висината на надоместокот за дозвола за радио емитување согласно со процентот инструментална музика од македонски автори, вокална и/или вокално-инструментална музика на јазикот/јазиците на кој/кои ќе се емитува говорниот дел од програмата, што пријавиле дека ќе го емитуваат во текот на денот.
2. Овие насоки важат сè до донесувањето на подзаконскиот акт од член 80 став 9 од ЗААВМУ, со кој ќе се утврди план за рокот за пријавување, жанрот и времето за емитување инструментална музика од македонски автори, вокална и/или вокално-инструментална музика на јазикот/јазиците на кој/кои ќе се емитува говорниот дел од програмата (понатаму во текстот: музика на македонски и на јазиците на етничките заедници), на трговските радиодифузни друштва кои емитуваат програма на радио (понатаму во текстот: радио програмски сервиси), што треба да го донесе новиот состав на Советот, согласно одредбите од ЗААВМУ.

## II. РОК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ, ЖАНР И ВРЕМЕ НА ЕМИТУВАЊЕ НА МУЗИКАТА

3. Радио програмските сервиси, најдоцна до 5 јануари можат доброволно да пријават во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги колкав процент музика на македонски и на јазиците на етничките заедници ќе емитуваат на дневно ниво во текот на таа календарска година. Рокот за пријавување за 2019 година е до 8 февруари.
4. Радио програмските сервиси се должни пријавениот процент музика на македонски и на јазиците на етничките заедници, да го емитуваат на дневно ниво, во периодот од 6 часот до 00 часот.
5. Радио програмските сервиси се должни да емитуваат музика на македонски и на јазиците на етничките заедници со жанровска одредница каква што пријавиле во Програмскиот концепт, кој што е составен дел од нивната Дозвола за радио емитување.

6. Радио програмските сервиси за пријавениот процент ќе добијат намалување на висината на надоместокот за дозвола.
7. Доколку радио програмските сервиси пријават дека во текот на денот ќе емитуваат помалку од 10% музика на македонски и на јазиците на етничките заедници, нема да се намали надоместокот за дозвола.
8. За пријавени од 10% до 30% музика на македонски и на јазиците на етничките заедници, надоместокот за дозвола ќе се намали за онолкав процент колкав што е пријавениот процент музика.
9. Доколку пријават дека ќе емитуваат повеќе од 30% музика на македонски и на јазиците на етничките заедници, надоместокот за дозвола ќе се намали за 30%.
10. Доколку фактурата за годишниот надоместок е веќе издадена, Агенцијата ќе издаде книжно одобрение за намалување на пресметаниот надоместок, врз основа на известувањето на радиодифузерот за доброволно пријавување музика на македонски и на јазиците на етничките заедници.
11. Доколку радиодифузерот го има платено надоместокот, Агенцијата врз основа на издаденото книжно одобрение веќе уплатените средства во висина на намалувањето ќе ги врати на жиро сметката на радиодифузерот.

## III. ПОСТАПУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА НЕПОЧИТУВАЊЕ НА ПРЕЗЕМЕНИТЕ ОБВРСКИ

12. Исполнувањето на обврската за емитување одреден процент музика на македонски и на јазиците на етничките заедници на дневно ниво, Агенцијата ќе го проверува преку програмски надзори во текот на годината.

13. Радио програмските сервиси кај кои при најмалку еден програмски надзор во текот на годината ќе биде констатирано непочитување на преземената обврска за емитување музика на македонски и на јазиците на етничките заедници, ќе бидат задолжени да го вратат или доплатат износот согласно точка 10 и точка 11.

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

14. Овие насоки влегуваат во сила на денот на нивното донесување, а ќе се објават на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Бр.** 01-546/1

04.02.**2019 година**

**Скопје**